ООУ„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“КАРПОШ

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО

## ОД 2023/24 ГОДИНА- 26/27 ГОДИНА



Скопје, 2023

***План за развој на училиштето***

**Вовед**

Развојната програма за работа на ООУ“ Војдан Чернодрински“- Скопје се изработи врз основа а на член 49 став (1) и став (2) член 108 став 1 алинеа 3, член 113 став 4 член 122 став 2 алинеа 1од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Северна Макдонија”,бр.161/19 Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште, Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, Законот за работни односи, Законот за јавни набавки, Законот за организација и работа на органите на државната управа и други закони, статутот на училиштето, Стратегија за образование 2018-2025 год. Концепцијата за основно образование,наставни планови и програми, Годишни програми за работа на училиштето, Годишни планирања на училиштето(прилози од годишните програми) и годишни извештаи за работа на основното училиште од претходните четири години.

**1.1. Идентификациони податоци за основното училиште**

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ“ Војдан Чернодрински“ |
| Адреса | Дрезденска бр. 3 |
| Телефон | 02/3066610 |
| Место, општина | Карпош |
| Веб-страница | http://oouvojdancernodrinski.edu.mk/ |
| Е-маил | vojdancernodrinski@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 15 мај |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | P= 7162 m2 |
| Вкупно површина(m2) | P =11239 m2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | Нема |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 700 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 536 |

| | |
|---|---|
| Број на паралелки | 22 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Нема |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | Смена и половина |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Нема |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Нема |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | |
| | |
| УЧИЛИШЕН В.Д. ДИРЕКТОР | Верица Неткова Пројчева |
| Потпис | |
| Дата | |
| Одобрување од УО | |
| Име и презиме | |
| Потпис | Александра Груевска Дракулевска |
| Дата | |

**1.2.Историјат на основното училиште**

ООУ,,Војдан Чернодрински"- Скопје ул. „Дрезденска“ бр. 3 има статус на јавна установа чија основна дејност е воспитание и образование на деца, ученици од I– IX одделение.

Историјата на нашето училиште започнува 10 години по Втората светска војна, во 1955 год. – период тежок за нашата земја, Во духот на времето како и целата земја, градот Скопје доживува силен подем во својот развој. Се шири формирајќи нови урбанистички населби меѓу кои и населбата Тафталиџе 1.Во тоа време функционирале само две училишта: ОУ ″Његош″ и ОУ ″Кочо Рацин″ кои станале претесни за прифаќање на сите ученици. Поради потребата од училишен простор на 25.06.1954 год. надлежните органи издале решение бр. 7887 за изградба на ново училиште во населбата Тафталиџе 1 кое е именувано ОУ″29 Ноември″. Изградбата на училиштето започнала истата година, а завршила 1955 год., кога биле изградени два приземни павилјона со 8 училници и канцеларии. Учебната година започнала на 01.10.1955 год. Се работело во три смени со изразени технички проблеми при изведување на наставата – поради неизградената инфраструктурна мрежа и сл.

Во првата учебна година 1955 / 56 год. во училиштето биле запишани вкупно 840 ученици сместени во 23 паралелки.

Во такви услови било формирано уште едно училиште ОУ″ Владо Тасевски″ и вкупниот број на учениците бил поделен на два дела. Иако двете училишта работеле во иста училишна зграда, во две смени менувајки се на секои две недели. Во овој период растел бројот на учениците и вработените во двете училишта и почнале да се јавуваат проблеми во изведувањето на наставата како и недостаток на соодветни училници.

Но и покрај овие ограничени услови за работа, успесите на нашето училиште не изостанувале, благодарение на посебното залагање на учениците, нивните родители и наставниот кадар. Се постигнувале солидни резултати, а редовноста, успехот и поведението на учениците од година во година се подобрувале. Во 1964 година заради недостаток на простор и подобрување на условите за работа се доградува и високата зграда која брои 12 училници.

Со осамостојувањето на Република Македонија, врз основа на предлог на Министерството за образование и физичка култура на Македонија бр. 09-1018 / 25, Работничкиот совет на училиштето на ден 16.11.1992 год. донесе одлука за промена на името на училиштето. Од тој ден, нашето училиште го носи името на македонскиот културен деец, основоположникот на современата драма и театар – Војдан Чернодрински. За период од 68 години постоење, исполнети со плодотворна работа, училиштето образувало и воспитувало голем број ученици кои живеат на територија на населбитеТафталиџе 1, и Козле, во рамки на месна заедница Владо Тасевски.

Денес во нашето училиште учат околу 536 ученици сместени во 22 паралелки и спаѓа во редот на средно развиените училишта.

Во реализирањето на наставните содржини се применуваат барањата на постоечките и проектите кои се реализирани во текот на претходните учебни години:

- Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем; Зелен пакет јуниор; Со читање до лидерство;Проект за меѓуетничка интеграција во образованието; Убавините на континентите преку интегрирање на програмите; Проект за здравствено просветување на младите; Намалување на насилството во училиштата; FACEBOOK на улица; Здрава храна; Училиштето катче за љубов и соработка; Еко градина; Проект за задолжителни посети на музеи,библиотеки,изложби; Од буква по буква до писател; Убавините на мојата татковина и др.

Учениците постигнуваат солиден успех во совладувањето на наставните содржини и бележат успеси на натпревари се должи на зедничката работа и вложување на наставниците, родителите и учениците.Секоја учебна година учениците учествуваат на бројни натпревари и конкурси на кои освојуваат високи места.Исто така училиштето организира и хуманитарни акции. Во однос на меѓуетничката интеграција нашето училиште има многу плодна соработка со основното училиште„ Кемал Ататурк“ од с.Количани.

**Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште**

| Работно место | Извршители | Стручна подготовка |
|---|---|---|
| Директор | 1 | |
| Педагог | 1 | **Постдипломско образование** |
| Психолог | 1 | **Постдипломско образование** |
| Специјален едукатор и рехабилитатор - Дефектолог | 1 | **Постдипломско образование** |
| Библиотекар | 1 | **Високо образование** |
| Наставници по одделенска настава | 20 | **Постдипломско образование1**<br>**Високо образование 19** |
| Наставници во предметна настава | 17 | **Постдипломско образование1**<br>**Високо образование15**<br>**Више образование 1** |
| Наставници во предметна настава кои дополнуваат во нашето училиште | 4 | **Високо образование 4** |

| | | |
|---|---|---|
| Наставници во предметна настава кои дополнуваат во друго училиште | 0 | / |
| Секретар | 1 | **Постдипломско образование** |
| Сметководител | 1 | **Средно образование** |
| Домаќин | 1 | **Средно образование** |
| Куќен мајстор | 1 | **Средно образование** |
| Хигиеничари | 5 | **Средно образование** |
| Вкупно | 56 | |

**2.2. Работен стаж на вработените**

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи-стративни службени-ци | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 1 | 2 | 1 | | 1 | |
| Од 10 до 20 години | 10 | 8 | 1 | 1 | 2 | 1 |
| Од 20 до 30 години | 6 | 1 | | | 3 | |
| Повеќе од 30 години | 3 | 1 | 2 | 1 | 1 | |
| Вкупно | 20 | 17 | 4 | 2 | 7 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **Етничка и полова структура на вработени** |

| | Вкупно | Македонци | | Срби | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | М | Ж | М | ж | м | ж | м | ж | м | ж | М | ж |
| **Број на вработени** | 51 | 5 | 42 | / | 3 | / | 1 | / | / | / | / | / | / |
| **Број на наставен кадар** | 37 | 5 | 30 | / | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на стручни соработници** | 3 | / | 3 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Административни работници** | 2 | / | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Техничка служба** | 7 | 1 | 5 | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / |
| **Директор** | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

## А. Наставни простории

| Ред. Бр. | Вид на просторија | број |
|---|---|---|
| 1. | Училници за одделенска настава | 10 |
| 2 | Училница за дневен престој | 1 |
| 3. | Кабинети | 10 |
| 4. | Кабинет по Т.О. | 1 |
| 5. | Кабинет по информатика | 1 |
| 6. | Библиотека | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Фискултурна сала | 1 |

## Б. Простории за потребите на кадарот во училиштето

| Ред. Бр. | Вид на просторија | Број |
|---|---|---|
| 1. | Канцеларија за директор | 1 |
| 2. | Канцеларија за педагог | 1 |
| 3 | Канцеларија за психолог | 1 |
| 4. | Канцеларија за специјален едукатор и рехабилитатор - Дефектолог | 1 |
| 5. | Канцеларија засекретар и книговодител | 1 |
| 6. | Канцеларија за домаќин | 1 |
| 7. | Наставничка канцеларија | 1 |
| 8. | Просторија за разговор со родители | 1 |
| 9. | Работилница за хаусмајстор | 1 |
| 10. | Просторија за воннаставни активности | 1 |

## В. Простории за исхрана, санитарни јазли и додатни простории

| Ред. Бр. | Вид просторија | Број | Забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. | Кујна со трпезарија | 1 | Не се приготвува храна |
| 2. | Санитарни јазли | 8 | |
| 3. | Додатни простории | 5 | Простории кои ги користи технички персонал, наставникот по Т.О., простории во фискултурната сала |

| **Просторија** | **Вкупен број** | **Површина** | **Состојба (се оценува од 1 до 5,согласно Нормативот од 2019 година)** | **Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории,реконструкции и сл.)** |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 11 | 48m2 | 4 | 1 |
| Кабинети | 12 | 48m2 | 4 | / |
| Библиотека | 1 | 12m2 | 4 | / |
| Медијатека | / | / | / | / |
| Читална | / | / | / | / |
| Спортска сала | 1 | 500m2 | 5 | / |
| Канцеларии | 5 | 19m2 | 5 | / |
| Училишен двор | 1 | 3578m2 | 5 | |
| Заеднички простор за прослави | / | / | / | / |
| Кујна | 1 | 30m2 | 5 | / |
| Трпезарија | 1 | 34m2 | 5 | / |
| Друго Помошни простории | 9 | 16m2 | 4 | / |

## Г. Наставно-технички помагала

| Реден број | Наставни средства | Забелешки | потреба |
|---|---|---|---|
| | | Работи | |
| 1. | Електронски табли | 7 | 18 |
| 2. | Лаптопи | 11 | 30 |
| 3 | Комјутери | 47 | 30 |
| 4. | LCD- проектор | 7 | 5 |
| 5. | Монитори | 67 | 15 |
| 6 | Штампачи со скенер | 2 | 3 |
| 7 | Комјутер за секое дете | 22 | / |
| 8. | Скенер | 2 | / |
| 9. | Таблети | 12 | 30 |
| 10. | Штампач | 5 | 5 |
| 11 | Нагледни стедства за ученици со ПОП | 0 | 10 |
| 12 | | | |
| 13 | | | |
| 14 | | | |

| Расходна ставка | Опис | сметка 903 |
|---|---|---|
| | **Расходи** | |
| | **Вкупно расходи** | **27.389.352,00** |
| **40** | **Плати и надоместоци** | **24.728.653,00** |
| 401 | Основни плати | 17.804.613,00 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 6.924.,040,00 |
| **42** | **Стоки и услуги** | **2.295.299,00** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.913.000,00 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 231.755,00 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 47.459,00 |
| 425 | Договорни услуги | 24.566,00 |
| 426 | Други тековни расходи | 78.519.00 |
| **48** | **Капитални расходи** | **365.400,00** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 365.400,00 |

**Капитални средства, опрема, други материјални средства и ситен инвентар**

| Средства | Набавна вредност | Отписна вредност | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|
| Училишна зграда и бетонска ограда | 94.961.499,00 | 75.385.382,00 | 19.576.117,00 |
| Компјутерска опрема и Останата опрема | 10.409.181,00 | 9.225.603,00 | 1.183.578,00 |
| Споменицина културата | 105.895,00 | / | 105.895,00 |
| Книги во библиотека | 215.102,00 | / | 215.102,00 |
| Ситен инвентар | 774.428,00 | / | 774.42800 |

| **Приходна потставка** | **Опис** | **Сметка 787** | |
|---|---|---|---|
| | | **Приходи од самофинансирачки активности (787)** | |
| | **Приходи** | **985.557,00** | |
| **723914** | Приходи од закупнини на општински имот | 588.962,00 | 0 |
| 741114 | Пренесен вишок на приходи од минатата година | 396.595,00 | 0 |
| **Расходна Ставка** | **Расходи** | 0 | **802.401,00** |
| **42** | Стоки и услуги | 0 | 0 |
| **421** | Комнални услуги,греење,комуни-кација и транспорт | 0 | 135.000,00 |
| **423** | материјали и ситен инвентар | 0 | 515.522,00 |
| **424** | Поправки и тековно одржување | 0 | 66.200,00 |
| **425** | Договорни услуги | 0 | 36.800,00 |
| **426** | Други тековни расходи | 0 | 48.879,00 |
| | **Вкупно приходи со пренесено салдо од тековната година** | **183.156,00** | **0** |

**3. Подрачје на работа на основното училиште - наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовна работа**

ООУ„ Војдан Чернодрински е општинско основно училиште, кое опфаќа ученици од 5год. и 7 месеци до 16 год. Училиштето е верифицирано под број 11-587/86 од25.07.1955 год. Работи по наставен план и програма донесена од МОН. Во училиштето покрај редовната настава се реализираат и други програми вклучително и проширена програма за учениците од одделенска настава и додатна дополнителна програма. Се реализираат слободни ученички активности, проекти , хуманитарни акции. Се реализираат и екскурзии. Заради миграцијата на населението бројот на ученици секоја година се намалува.

## 4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години

4.1. Самоевалуација на основното училиште

### Наставни планови и програми

**Клучни јаки страни**

Во училиштето редовно и навремено се изработуваат наставни планови и програми, како: тематски, месечни и дневни планирања;

Редовно се одржуваат состаноци на стручни активи во училиштето;

Во училиштето се спроведува инклузивно образование за ученици со посебни образовни потреби и ученици кои имаат потешкотии во учењето;

Во училиштето наставата се одвива непречено, се поттикнува стимулативна средина и се води сметка за потребите на учениците;

Училиштето дава на учениците можност преку анкетирање учениците да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат следната учебна година, согласно нивните потреби и интереси;

Во училиштето се реализира додатна и дополнителна настава и за нејзиното организирање навремено се информираат родителите;

Во наставните содржини се имплементираат и активности од проектите кои се спроведуваат во училиштето;

При оценувањето се користат стандарди и критериуми за оценување со кои се информирани и самите родители;

Училиштето редовно ги информира родителите за животот и работата во училиштето преку Училишен одбор, Совет на родители, родителски средби, преку Е- дневник, sms пораки; WEB страната на училиштето;

Во наставата се користи информациско - комуникациска технологија согласно наставните содржини и се применуваат апликации и едукативни образовни софтвери;

Учениците учествуваат на натпревари на кои постигнуваат високи резултати;

Постигањата на учениците од наставните и воннаставните активности се афирмираат преку учество на натпревари на општинско, регионално и државно ниво, како и со учество во детски емисии ( „Голем одмор“- МРТ) квизотеки и детски списанија;

**Слабости**

Училиштето не располага со доволно наставни средства и помагала потребни за реализирање на наставата по Cambridge, програмата ИКТ технологија, сензорна соба и лектирни изданија во библиотеката.
Поголемиот број секциите кои ги нуди училиштето се стандардни, а само мал број на разноврсни и креативни.
Училиштето нема изградено доволно стратегии за транспарентно сите родители да бидат запознати со програмите и воннаставните активности што се реализираат во текот на учебната година.

**Приоритетни подподрачја:**

Опремување на училиштето со потребните нагледни средства, помагала, лектирни изданија;

Воведување на нови покреативни секции;

Училиштето да изгради доволно стратегии за транспарентно сите родители да бидат запознати со програмите и воннаставните активности што се реализираат во текот на учебната година.

**Второ подрачје: Постигања на учениците**

**Клучни јаки страни**

Во училиштето се реализира настава која ги задоволува високите критериуми на родителите и учениците.

Врз основа на квалитетната настава учениците постигнуваат високи резултати.

Во училиштето постои установен систем на оценување.

Училиштето организира додатна настава за да им овозможи на учениците да ги развиваат своите потенцијали.

Редовно се организира дополнителна настава за учениците кои послабо напредуваат во наставата.

Училиштето обезбедува поддршка во учењето кај учениците со ПОП: општа и интензивирана поддршка, во функција на подобрување на состојбите и со цел ученикот да се подготви за учење. Индивидуалната работа со специјалниот едукатор и учениците е насочена кон стекнување на вештини, индивидуализација и диференцијација на наставниот процес со примена на соодветни наставни методи и средства.

Во училиштето се врши евиденција на неоправданото отсуство од наставата.

Сите ученици независно од полот, етничка припадност и социјално потекло се еднакво подложни на воспитување од училиштето.

Нема случаи на осипување на ученици од училиштето.

По завршувањето на секој класификационен период се врши споредување на успехот со претходните години.

Постои соработка со родителите, стручните соработници, Ресурсен Центар, Стручно тело за функционална проценка и Заводот за ментално здравје во поддршка на ученици со посебни образовни потреби.

Постои изградена политика на опфат на учениците и за тоа се преземаат соодветни активности.

Се следи и евидентира напредокот на учениците и редовно се информираат родителите за постигањата на своите деца.

Во училиштето редовно се води и се даваат информации до родителите преку Е-дневник.

Се води континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците.

Активно се учествува на натпревари и конкурси и се постигнуваат солидни резултати.

**Слабости**

Нема доволно развиен систем за презентирање на програмите на секциите за учениците да имаат можност да членуваат во бројните слободни активности.
Училиштето има програма, но нема доволно развиен систем на наградување на учениците, нивните ментори и нивно промовирање.

**Приоритетни подрачја:**

Да се изготви систем за презентирање на програми на секциите за учениците за нивно учество во бројните слободни активности. Да се изгради систем за мотивирање на учениците за учество на натпревари и конкурси.

**Учење и настава**
**Клучни јаки страни**

Постоење на пропишани приоди и утврдени процедури за планирање, поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручна служба и тимот за професионален развој;

• Навремено изготвување годишни тематски планирања соодветни со условите за работа во училиштето и потребитенаучениците;

• Годишните и тематските планови како и оперативните планови за час (дневни подготовки) содржат јасни насоки што се очекува од учениците да научат, очекувани резултати/исходи од учењето и начинот на оценување на учениците;

• Целосно реализирање на изготвените годишни и глобални планирања;

• Размена на искуства во рамките на стручниот актив, со надворешни соработници-наставници од други училишта, советници од БРО во изработката на плановите за реализација на наставата;

• Реализирање интегрирана настава во училиштето;

• Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план и почитувајќи го најдобриот интерес на детето;

• Користење разновидни наставни форми и методи соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење;

• Наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии и истите ги применуваат во наставата;

• Задачите што се работат во училиште или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите;

• Наставниците редовно ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците и тие им се јасни на учениците;

• Наставници со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба;

• Училиштето има пропишано интерна процедура за следење на наставниотпроцес;

• Училиштето се доживува од страна на учениците и родителте како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење;

• Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат;

• Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците;

• Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето;

• Навремено идентификување на потешкотиите со кои се соочуваат учениците т.е функционалности кај детето и отстапувањата од целите во дадени подрачја што треба да ги постигнат како и почитување на можностите и способностите на учениците со посебни образовните потреби;

• Користење различни ресурси и приоди за учење како и адаптирани активности во настава, примена на соодветни методи преку кои се задоволуваат индивидуалните образовни потреби на учениците;

Пропишани Стандарди и критериуми за оценување како и Правилник и Кодекс за оценување на учениците;

Училиштето има дефинирана политика за следење, анализа и поддршканаоценувањето;

• Редовно известување за напредувањето на учениците.

**Слабости**: недостаток на дигитални уреди, библиотека во реализација на наставата.

**Приоритетни подрачја**:

Овозможување на реализација на наставата со дигитални уреди и користење на дигитална библиотека.

**Поддршка на учениците**

**Јаки страни:** Училишниот простор е безбеден за изведување на наставата. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот итн.) се безбедни и не претставувааат потенцијална опасност од повреди на учениците.

Училиштето има пишан документ (Кодекс на однесување на учениците и наставниците) во кој се дефинирани сите форми на однесување на децата и возрасните, кој е почитуван во најголем дел.

Секоео дделение има истакнато Кодекс на однесување на учениците кој, во најголем дел се почитува.

Во училиштето е забрането секаков облик на насилство, а доколку не се почитува забраната, постојат педагошки мерки пропишани во Законот (усна опомена од одделенски раководител, писмена опомена, укор, намалено поведение и сл.).

Училиштето се грижи учениците да се запознаат со „Правата и заштитата на децата“ и истите да се почитуваат.

Училиштето, според Законот, ја почитува забраната за пушење, алкохол и дрога. Истакнати се плакати за забрана и штетност од пушење, алкохол и употреба на наркотични средства. Се држат работилници за штетноста од конзумирање на цигари, алкохол и дрога.

Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците. Фирмата што ја произведува и доставува храната има доставено документи со кои се гарантира квалитетот на храната.

Училиштето води грижа за учениците кои потекнуваат од социјално-загрозени семејства, преку обезбедување материјални средства за нормално следење на наставата (книги, тетратки и други потребни училишни материјали, ужинка и сл.) и учеството во вон-наставните активности (екскурзии, приредби, натпревари).

Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Училиштето соработува и со здравствените установи (преку систематските прегледи и редовното вакцинирање на учениците), со цел навреме да се откријат и заштитат некои заболувања и физички деформитети кај учениците.

Училиштето редовно одржува предавања (од педагогот и стручни лица) и интерактивни часови со учениците од страна на наставниците за најактуените болести на новото време, како и заштита од актуелниот вирус Ковид 19.

Училиштето во целост им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, до усовршување или вработување (спроведува професионална ориентација со учениците од деветто одделение од страна на стручно лице (педагог), преку содржини од програмата на одделенскиот час, презентација од претставници на државни и приватни средниучилишта, флаери, постери и друг пропаганден материјал), а исто така овозможува и нивно насочување според постигнатиот успех од петто до осмо оддление и од психолошки тестови и сознанија за нив.

Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, наставниците и родителите за постигањата на учениците.

Во училиштето се подготвуваат редовни извештаи и анализи по паралелки кои се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, родителите и самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со било која форма на физичка или сензорна попреченост. Со адаптирање на пристапот кој е соодветен на нивните можности за движење, се отстранети архитектонските пречки и на тој начин е овозможен непречено да се движат и да имаат слободен пристап до училиштето.

**Слаби страни**

Опремена просторија за ученици со ПОП со материјални ресурси со цел да се даде соодветна поддршка.

Прилагодување на мебелот и опремата согласно посебните потреби на учениците.

Набавка на асистивна технологија (наставни и други помагала) за отстранување на бариерите во инклузивното образование.

**Приоритети**

• Опременување на адаптирана просторија за ученици со ПОП. Прилагодување на мебелот и опремата, набавка на наставни и други помагала согласно посебните потреби на учениците.

**Клима во училиштето**

**Клучни јаки страни:**

- Училиштето има изградено углед кој е препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците;
- Кодексот на однесување е донесен и прифатен од сите структури во училиштето;
- Наставниците ги поттикнуваат учениците кон повисоки постигањата;
- Наставниците меѓусебно се почитуваат и соработуваат;
- Правилникот за изрекување педагошки мерки доследно се почитува;
- Училиштето постигнува завидни резултати на натпревари на знаења и натпревари во воннаставни активности;
- Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори;
- Наставниците не прават разлика помеѓу учениците со различни способности, различна етничка припадност и во однос на полот;
- Учениците ги знаат, практикуваат и заштитуваат сопствените права и ги почитуваат правата на другите;
- Постои взаемна меѓуетничка и мултикултурна соработка на учениците и вработените со училишта од општината;
- Постои оптимална комуникација, почит и соработка помеѓу наставниците и родителите;
- Со години се негува и продлабочува соработката со локалната самоуправа при реализирање на разни културни, спортски и други активности;

- Училишниот простор и инфраструктура се безбедни за изведување на наставата. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците и има План за заштита и спасување од елементарни непогоди, природни катастрофи и незгоди;
- Се негува родовата сензитивност и во него постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот;
- Преку сопствената VEB I  fb страница, преку разни манифестации, како и преку медиумите, училиштето ги промовира јавно своите постигнувања и активности;
- Организацијата и реализацијата на родителските средби;
- Точно утврденото време на сите наставници за прием на родители;
- Информираноста на родителите од страна на наставниците за успехот, дисциплината на учениците и за сите активности на училиштето;
- Организација и реализација на Отворен ден;
- Обезбедена просторија за прием на родители;
- Учеството на родителите во училишните базари;
- Учество на родителите во хуманитарните акции што ги организира училиштето;
- Транспарентноста кон родителите;
- Соработката на училиштето со деловната, општествената и локалната заедница.

**Слабости:**

Постои делумно взаемно почитување помеѓу наставниците и родителите.

Слабата транспарентност на родителите преку web страната на училиштето за воспитно-образовната работа.

**Приоритетно подрачје:**

Поголема вклученост на родителите се со цел да се зголеми меѓусебното почитување наставник - родител.

Поголема транспарентност на родителите преку web страната на училиштето за воспитно-образовната работа.

**Ресурси**

**Клучни јаки страни**

Просторните капацитети со кои располага училиштето (училници, училишен двор, игралиште...) максимално се користат за изведување на наставата и вонннаставните активности и ги задоволува условите за изведување на настава.

Во  училиштето се користат наставни средства, аудио визуелна опрема и ИКТ опрема (ЛЦД проектор, смарт табла) за реализација на квалитетна настава.

Училиштето обезбедува стручно усовршување на наставниот кадар и нивниот професионален развој се одвива преку сите видови интерни и екстерни обуки, соработка и размена на искуства.

Училиштето обезбедува поддршка на приправниците во училиштето.

Училиштето добива поддршка од Ресурсен Центар (обезбедување на образовни асистенти) во насока на подобрување на инклузивното образование за ученици со ПОП.

Во работата на наставниците и учениците се дава поддршка од стручните соработници (педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор).

Во училиштето се реализира проширена програма - продолжен престој има опремено училница за изведување на настава.

Соработка со Советот на родители за финансиска поддршка за активностите во Годишната програма.

Се организираат интерни семинари за наставниците за стручност во работата.

Финансиските средства се вршат во согласност со реалните потреби на училиштето вклучувајќи и финансиски средства за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост.

Наставниците, стручните соработници, јавно и транспарентно се запознаени со финансиските активности и финансиската состојба на училиштето.

**Слаби страни**

Опременоста на училиштето со ИКТ опрема (смарт табли, лаптопи, комјутери, таблети, асистивна технологија)

Приоритетни подподрачја

Обезбедување на училиштето со ИКТ опрема (смарт табли, лаптопи, комјутери, таблети)

**Раководење, управување и креирање политики**

**Клучни јаки страни**

При раководењето во училиштето целосно се почитува Законот за работни односи и Статутот на училиштето.

При донесување на одлуки и решенија најчесто постои јасен консензус.

Доследно и навремено се спроведуваат донесените решенија и одлуки.

При изготвување на Планот за развој и Годишната програма за работа на училиштето се земаат во предвид материјално техничките, финансиските и човечките ресурси со кои располага училиштето, како и добиените резултати од спроведенета самоевалуација на училиштето.

**Слабости**

Недоволна вклученост на родителите, (членови на Училишниот Одбор и Совет на родителите) во воспитно-образовната работа во училиштето.

Приоритетни подподрачја:

Поголемо вклучување на родителите - членови на Советот на родители и Училиш. одбор во воспитно-образовната работа на училиштето.

**4.2.Интегрална евалуација на основното училиште**

Интегралната евалуација се реализираше за време на Ковид пандемијата. Наставата до трето одделение се реализираше комбинирано. Дел од учениците ја следеа со физичко присуство а останатите од далечина. Од четвртто до деветто наставата ја следеа од далечина. Според согледувањата на интегралната евалуација и покрај вонредната состојба училиштето по сите подрачја: Наставни планови и програми, Постигнувања на учениците, Учење и настава, Поддршка на учениците, Клима во училиштето, Ресурси, Раководење, управување и креирање политики солидно се реализира. Како недостаток на работата на училиштето ДПИ нагласи да се изнајде нов партнер училиште за МИО и зголемување на бројот комјутери во училиштето.

5. **Фактори кои влијат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)**
6.

## СВОТ анализа

| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
|---|---|
| Училиштето се наоѓа во Централното гратско подрачје.Околината во која се наоѓа е безбедна. Училиштето е со долгогодишно реноме. Во училиштето наставата се одвива непречено. Секоја интрегрална евалуација училишето е оценето со висока оценка. Училиштето има современа фискултурна сала. Кадарот е секогаш поготвен за соработка со други воспитно образовни институции, институции од областа на културата, спортот и други институции. | Недостаток на простор за учење во една смена, потребна му е реорганизација на училишниот двор, недостаток на нагледни средства, комјутери, електронски табли, лаптопи, сензорна соба, помагала и нагледни средства за учениците со ПОП. |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |

| | |
|---|---|
| Училиштето може да соработува со поголем број на невладини организации, стопански субјекти, училишта во рамки на државата, реализирање на проекти со училишта надвор од државата.<br>Училиштето има капацитет да ја подобри училишната клима и матерјално техничките услови за работа. | Реални закани со што може да се соочи училиштето во наредните години е: Намалување на бројот на ученици заради намалениот наталитет, миграцијата што во последно време се случува во  целата држава, како и новоизградено училиште во близина на нашето. Недостаток на материјални средства за набавка на современа ИКТ технологија која се наметнува како потреба на современите текови и новите програми. |

**МИСИЈА**

Нашето училиште претставува здрава и пријатна средина, во која  се едуцираат учениците преку истражувачки проекти, интеракција и добра организација на воспитно-образовниот процес каде што ученикот е главен субјект на сите активности, а со своите стекнати знаења, вештини, способности и сфаќања успешно ќе се интегрира во едно мултикултурно општество.

**МОТО**

Училиште во кое сите имаат можност да напредуваат според сопствените потреби и можности.

**ВИЗИЈА**

Со заеднички сили се стремиме кон подобра иднина: со осовременување на наставните средства, усовршување на наставничкиот кадар и подобрување на училишната клима во училиштето, каде секој од нас ќе се најде себе си во остварувањето на воспитниот и едукативен процес и каде што ќе се развива дружењето и соживотот меѓу сите ученици без разлика на нивната родова и етничка припадност.

## Цели на училиштето

- Континуирано следење на воспитно – образовната работа.
- Примена на активни форми и методи во наставата и нивна анализа со цел да се согледа ефектот од таа примена.
- Адекватна примена на современите достигнувања на науката и техниката во одделни наставни подрачја.
- Постојано осовременување и користење на матерјално - техничките средства во реализација на наставата.
- Перманентно професионално усовршување на наставниците со цел иновирање и унапредување на воспитно – образовната работа.
- Објективно вреднување и оценување на резултатите што се постигнуваат во наставата.
- Оспособување на учениците за стекнување на нови знаења, умеења и вештини од сите научни области.
- Развивање на креативноста, истражувачкиот дух и иновативноста кај учениците, како и на нивните вештини и способности.
- Следење на психо – физичкиот развој на учениците.
- Прилагодување на наставните содржини на индивидуалните можности на учениците, посебно на децата со посебни потреби и талентирани ученици.
- Развивање и негување на патриотските чувства, љубовта кон националното богатство почитувајќи ги родовите и етничките разлики кај учениците.
- Воспитување на учениците за почитување на човековите права, полова, родова, етничка, социјална еднаквост и други демократски вредности.
- Мотивирање и зголемување на интересот кај учениците за воннаставни активности.
- Континуирано развивање на еколошката свест кај учениците.

- Овозможување на транспарентност за работата и постигнувањата на училиштето за сите заинтересирани субјекти.

## 7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период

**1. Создавање на подобри материјално-технички услови за работа.**

**2. Креирање на стимулативна средина за учење преку подобрување на квалитетот на наставата и вонннаставните активности.**

**3. . Развивање на подобра комуникација и подобри односи на училиштето со локалната средина.**

**СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ВО ОПШТИНА КАРПОШ ЗА ПЕРИОДОТ ОД УЧЕБНАТА 2014/15 ДО 2018/19**

**Чекор 1 - Од приоритети на самоевалуацијата на училиштето до развојни цели**

| Каде сме сега?<br><br>самоевалуација на училиштето - приоритети | Каде сакаме да бидеме?<br><br>Развоен план на училиштето - стратешка цел |
|---|---|
| 1.Опремување и збогатување на училиштето со потребни нагледни средства,помагала,лектирни изданија, и стручна литература за наставниците, дидактички средства и помагала за ученици со ПОП<br><br>2.Збогатување на училиштето со икт орема / смарт табли , лаптопи, компјутери,асистивна технологија | **1. Создавање на подобри материјално-технички услови за работа.** |

**Чекор 1 - Од приоритети на самоевалуацијата на училиштето до развојни цели**

| Каде сме сега?<br><br>самоевалуација на училиштето - приоритети | Каде сакаме да бидеме?<br><br>Развоен план на училиштето - стратешка цел |
|---|---|
| 1.Обука на наставниците за: талентирани ученици; современи стртегии за употреба на нови ИКТ алатки | **2. Креирање на стимулативна средина за учење преку подобрување на квалитетот на наставата и вонннаставните активности** |

| | |
|---|---|
| во наствата;обуки за ненасилство; обуки за поуспешна инклузија; употреба на поголем број на методи и форми на оценување<br><br>2.Активирање на нови вонnаставни активности, изготвување на поквалитетни програми за истите и изготвување на систем за нивно потранспарентно презентирање пред учениците.;мотивирање на учениците за учество на конкурси и натпревари<br><br>3.Поголема вклученост на родителите за учество во секој сегмент од работата на училиштето | |

**Чекор 1 - Од приоритети на самоевалуацијата на училиштето до развојни цели**

| Каде сме сега?<br><br>самоевалуација на училиштето - приоритети | Каде сакаме да бидеме?<br><br>Развоен план на училиштето - стратешка цел |
|---|---|
| 1. Континуирано ажурирање на податоци на ВЕБ страна на училиштето<br><br>2. Поголема медиумска поткрепеност на организирани и | **3 . Развивање на подобра комуникација и подобри односи на училиштето со локалната средина** |

| | |
|---|---|
| спроведени активности на училиштето | |

**Чекор 2: Од стратешка цел кон развојна цели**

| Стратешка цел | Развојни цели |
|---|---|
| **1. Создавање на подобри материјално-техничките услови за работа.** | 1.1. Опремување и збогатување на училиштето со потребни нагледни средства,помагала,лектирни изданија, и стручна литература за наставниците, дидактички средства и помагала за ученици со ПОП |
| | 1.2 . Збогатување на училиштето со икт орема / смарт табли , лаптопи, компјутер, асистивна технологија, опремена просторија за ученици со ПОП со соодветни материјални ресурси |

**Чекор 2: Од стратешка цел кон развојна цели**

| Стратешка цел | Развојни цели |
|---|---|
| **2.Креирање на стимулативна средина за учење преку подобрување на квалитетот на наставата и воннаставните активности** | 2.1 Обука на наставниците за: талентирани ученици; современи стртегии за употреба на нови ИКТ алатки во наствата;обуки за ненасилство; обука за поуспешна инклузија; употреба на поголем број на методи и форми на оценување |
| | 2.2.Активирање на нови воннаставни активности, изготвување на поквалитетни програми за истите и изготвување на систем за нивно потранспарентно презентирање пред учениците.<br>- мотивирање на учениците за учество на конкурси и натпревари. |
| | 2.3 Поголема вклученост на родителите за учество во секој сегмент од работата на училиштето |

**Чекор 2: Од стратешка цел кон развојна цели**

| Стратешка цел | Развојни цели |
|---|---|
| **3. Развивање на подобра комуникација и подобри односи на училиштето со локалната средина** | 3.1. Континуирано ажурирање на податоци на ВЕБ страна на училиштето |
| | 3.2 Поголема медиумска поткрепеност на организирани и спроведени активности на училиштето |

**Чекор 3: Табела која го покажува соодносот помеѓу развојните цели, конкретните цели и активностите**

**(Создавање на подобри матерјално технички услови за работа )**

| **Развој ни цели** | **Конкретни цели** | **Активности** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Година 1** | **Година 2** | **Година 3** | **Година 4** |
| **1.1.опремување и зголемување на училиштето со потребни нагледни средства, помагала, лектирни изданија и стручна литература за наставниците,дидактички средства и помагала за учениците со ПОП** | 1.1.1.Да се идентификуваат постоечките нагледни средства и технички помагала и да се класифицираат според нивната употребливост. | -Формирање комисија која ќе направи увид<br>-Изготвување извештај за фактичката состојба<br>-Информирање на вработените | Извештај на секој наставник до Комисијата за состојбата на нагледните средства и потребата од нови | Следење на одржливоста односно на употребливоста на наставнита средства и технички помагала и поднесување на извештај | Утврдување на фактичката состојба на функционалноста на наставните сресва |
| | 1.1.2.Да се поправат оштетените наставни средства и помагала, кои може да се оспособат за работа | -Формирање комисија која ќе одреди стручно лице за утврдување на можностите за поправка<br>-Сортирање на наставните средства според употребливоста<br>-Изготвување извештај за поправката<br>-Утврдување на трошоците<br>-Поправање на истите | Изготвување на план за поправка на нагледните средства ( приоритетни, расположливост со материјални средства,литература, отпишување во пописни листи на неупотебливите | Поправка на оштетените нагледни средства и технички помагала (од страна на ученици- пр.санирање на географски карти,периодични системи хаусмајстор и сервиси за одржување | Континуирано одржување на употребливоста на нагледните сресва и технички помагала |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.1.3.Да се утврди потребата од нови и современи наставни средства и помагала | -Задолжување на наставниците по активи за изготвување на список на потребни наставни средства<br>-Утврдување на приоритетни наставни средства по активи<br>- Формирање комисија и назначување на одговорно лице | - Формирање комисија<br><br>за изнаоѓање на начини за создавање материјални средства, барање понуди и набавка на нови нагледни средства | - Извештај на комисијата за нагледни средства кои се непоправливи и кои според приоритетот и материјалните можности треба да се заменат со нови.<br><br>Изготвување на план за набавка | - Перманентно следење на потребата од нови и посовремени<br><br>-Наставни средства и технички помагала |
| 1.1.4.Да се набават соодветните наставни средства и помагала за работа во училиштето. | - Организирање на Базари и други продажби на ракотворби на учениците<br>- Собирање на средства од продадените ракотворби<br>- Набавување на нови нагледни средства и помагала од собраните пари<br>- Набавување на нови нагледни средства и помагала од донации на родители<br>-Распоредување на наставните средствата по активи и задолжување на одговорно лице<br>-Изготвување извештај | -Соработка со родителите и учениците во изработка на нагледни средства,<br>- Организирање на Базари , претстави од страна на учениците<br>- Собирање на средства од продадените ракотворби,продадените карти<br><br>- Набавување на нови нагледни средства и помагала од собраните пари | -Соработка со родителите и учениците во изработка на нагледни средства,<br>- Набавување на материјални средства по пат на акции (собирање на стара харија и пластична амбалажа),<br><br>Соработка со фирми | -Преговарање со родители , кои се во можност да донираат во набавката на наставните средства, комјутери, и други надгледни помагала,книги, ...<br>- Набавување на нови нагледни средства и помагала од донации на родители |
| 1.1.5 Да се следи примената на нагледните средства во наставата | -Формирање на тим за мониторинг<br><br>-Задолжување на наставниците за планирање на содржините со примена на наставните | -Следење на примената на нагледните средства и техничките помагала<br><br>-Мотивирање на наставниците за примена на посовремени средства преку нивно обучување | -Согледување на состојбата на наставните средства ,нивно одржување,потреби од поправки и набавка на нови<br><br>-Костатирање на примената на нагледни | -Континуирано<br><br>следење на примената на<br><br>нагледно-техничките средства |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | средства | (еду- бунту по предмети и др..)<br><br>-утврдување на придобивките | средства по Стручни активи | |
| 1.1.6.Да се утврди постоечкиот фонд на книги од секоја област во библиотеката и истиот да се класифицира според соодветната група. | -Формирање комисија која ќе направи увид<br><br>-Изготвување извештај за фактичката состојба<br><br>-Информирање на вработените ,родителите и учениците | - Формирање на комисии од ученици која ќе се грижат за сочуваноста на книгите во библиотеката.<br><br>-Организирање на акција со сите одделенија од второ до деветто одд. по месеци кои ќе се ги лепат растурените книги<br><br>-Составување на правилник за однесување со книгите . | - Правење на список по активи за потребната стручна литература.<br><br>- Правење на список од учениците за литература (книги )кои би сакале да ги имаат во училишната библиотека.<br><br>Барање на донации од фирми за комјутери, лаптопи | -Правење на извештај од страна на библиотекарот за читаноста на книги од библиотеката, како и список на книги кои недостасуваат<br><br>- Информирање на родителите за состојбата на книжниот фонд во библиотеката. |
| 1.1.7.Да се збогати библиотеката со лектирни изданија од прво до девето одделение како и енциклопедии, лексикони, и стручна литература за наставници од донации на издавачки куќи | Информирање на стручните активи<br><br>-Доставување списоци од потребна литература од сите стручни активи<br><br>и лектирните изданија Изготвување список од приоритети и од лектирните и од стручните изданија | - Изготвување список од приоритети и од лектирните и од стручна литература.<br><br>- Литературни читања од страна на учениците пред родителите (парите од картите ќе бидат со цел да се збогати библиотечниот фонд според приоритетите) | -Месец на книгата во училиштето( организирање на секое одделение на свој креативен начин да дојде до финансиски средства за купување на книги во библиотеката пр. Читање состави пред родителите на тема Книгата прозорец кон светот, мојата омилена книга и сл.)<br><br>-Доставување барање до МОН и општината за | -Донаторска акција во која родителите на поголемите ученици ќе даруваат на училиштето лектири од помала возраст<br><br>- Поднесување на извештај<br><br>за збогатување на библиотечниот фонд и<br><br>утврдување на потребите за нови |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| и  др. организации со кои училиштето соработува. | -Контакти со издавачките куќи и др.организ. околу потребната литература<br><br>Согледување на можностите  за набавка<br><br> - Набавување на потребната литература<br><br>-Изготвување извештај од донациите | -Извештај за собраните средства и набавка на прирритетна литература. | потребите од лектирни изданија и стручна литература. | |
| 1.1.8.Набавка на дидактички средства, помагала и други ресурсни материјали за работа со ученици со ПОП | Формирање на Инклузивен тим за ученици со ПОП<br><br>Организирање на акции за набавка на средства за надледни и дидактички помагала за ученици со ПОП<br><br>Учество во проектни активности преку кои ќе се даде поддршка со цел да се опреми соодветна просторија со потребни ресурси и дидактички помагала за работа со ученици со ПОП | Организирање на донаторски акции за набавка на средства за надледни и дидактички помагала за ученици со ПОП<br><br>Комуникација со фирми | Доставување барање до МОН и општината за потребите на ученици со ПОП<br><br>Набавка на дидактички средства, помагала и други материјални ресурси со цел да се даде соодветна поддршка на учениците со ПОП и поуспешна инклузија | Организирање на донаторски акции за набавка на средства за надледни и дидактички помагала за ученици со ПОП<br><br>Комуникација со фирми |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

**Чекор 3: Табела која го покажува соодносот помеѓу развојните цели, конкретните цели и активностите**

| Развојни цели | Конкретни цели | Активности (дејствија) | | | |
|---|---|---|---|---|---|
